

# ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ

## ИЗВЕШТАЈ

21.04.2019 (ПРВ КРУГ)
05.05.2019 (ВТОР КРУГ)

**ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ**
ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ ИЗБОРИ

ОДРЖАНИ НА 21.04.2019 ГОДИНА (ПРВ КРУГ) И 05.05.2019 ГОДИНА (ВТОР КРУГ)

Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Република Македонија, согласно својата мисија и цели, го следеше текот на постапката за избор на претседател на Република Северна Македонија.

На 8ми февруари 2019 година претседателот на Собранието на Република Северна Македонија ги распиша претседателските избори за 21.04.2019 година. Официјалниот период за кампања на кандидатите за претседател за прв круг започна на 01.04.2019 година, а заврши на 19.04.2019 година на полноќ, додека пак кампањата за втор круг започна на 22.04.2019 година, а заврши 24 часа пред денот на одржување на вториот круг на изборите.

Канцеларијата на Комитетот на денот на гласањето за избор на претседател на 21.04.2019 година (прв круг) и на 05.05.2019 година (втор круг) беше отворена од 07 до 19 часот. Во истиот период беше отворена и телефонската линија 02/3119-073 за пријавување на неправилности и прекршувања поврзани со текот на гласањето и остварувањето на избирачкото право на граѓаните со право на глас. Претходно, од денот на распишување на изборите, се до денот на изборите во вториот круг, граѓаните имаа можност да пријават било какви неправилности преку телефонската линија, електронски и/или лично.

На денот на изборите, до Хелсиншкиот комитет за човекови права се обратија седум лица кои пријавија повреда на избирачкото право и нерегуларности при гласањето. Најголем дел од пријавите се однесуваа на спреченоста граѓаните да го остварат своето право на глас поради тоа што не се запишани во Избирачкиот список.

Право да избира има секој државјанин на Република Северна Македонија кој наполнил 18 години живот, има деловна способност и е со постојано живеалиште во изборната единица, општината, односно градот Скопје каде што се врши изборот.

Согласно Изборниот законик[1], Државната изборна комисија (ДИК) го става Избирачкиот список на јавен увид во своите подрачни одделенија и месните канцеларии најдоцна 15 дена од денот на распишувањето на изборите. Јавниот увид трае 20 дена и на избирачкиот список треба да се сите лица со право на глас на денот на изборите. ДИК преку јавните гласила ги известува граѓаните за местото на кое се врши увидот, начините преку кои се врши увидот, времетраењето на увидот и можноста за запишување, дополнување или бришење на податоците од Избирачкиот список.

## БАРАЊЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ, ДОПОЛНУВАЊЕ ИЛИ БРИШЕЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК ШТО СЕ СТАВЕНИ НА ЈАВЕН УВИД, ВО РОКОТ ОД 20 ДЕНА, МОЖЕ ДА ПОДНЕСЕ СЕКОЈ ГРАЃАНИН, АКО:

- тој или некој друг граѓанин не е запишан во Избирачкиот список,
- е запишано лице кое нема избирачко право или нема живеалиште на подрачјето на општината или лице кое е починато и
- личното име и адресата на лицето или личното име и адресата на друго лице се неправилно запишани.[2]

Државната изборна комисија (ДИК), Избирачкиот список во кој се извршени сите промени кои произлегле од јавниот увид, отпечатен во вид на изводи, го заклучува најдоцна 15 дена по завршениот јавен увид.[3] Дополнителен проблем е тоа што избирачкиот список не беше ажуриран меѓу двата круга, туку остана на својата првична верзија утврдена пред првиот круг. Тоа оневозможи да се отсликаат промените во податоците за регистрација на граѓаните и ги лиши од можноста да го остварат своето право на глас гласачите кои инаку го имаат ова право. Ваквиот пристап не е во согласност со меѓународните обврски на Република Северна Македонија,[4] а особено ја загрозува групата на постари лица коишто имаат тешкотии да направат увид во избирачкиот список, а често имаат лични карти со истечен датум на важност.

Од друга страна, за поздравување е тоа што на платформите на ДИК на социјалните медиуми за време на двата круга беа достапни едукативните видеа од првиот круг на македонски и албански јазик со преводи на титлови на турски, ромски, српски и влашки јазик и тоа што сите видеа содржеа превод на знаковен јазик. Помеѓу јазиците, недостасува босанскиот јазик како јазик којшто го зборуваат припадниците на бошњачкиот народ.[5]

1 Член 49 од Изборниот законик на Република Северна Македонија.
2 Член 50 став 1 од Изборниот законик на Република Северна Македонија.
3 Член 52 од Изборниот законик на Република Северна Македонија.
4 Точка 7.3. од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 и точка 11 од Генералниот коментар број 25 на Комитетот за човекови права на ОН од 1996.
5 Амандман IV од Уставот на Република Северна Македонија (Службен весник број 52/1991).

Хелсиншкиот комитет ја следеше и кампањата за претседателските избори во двата круга. Во овој период, Комитетот не забележа говор на омраза во обраќањата на кандидатите за претседател и немаше континуирани или забележителни појави на запалива реторика во дискурсот на кампањата на двата кандидати Сепак, беше забележано користење на негативни пораки и лични навреди во кампањата[6] на дебатите во вториот круг помеѓу кандидатот Стево Пендаровски и кандидатката Гордана Силјановска Давкова. Провокативна реторика беше забележана и во говорите на партиските претставници. Иако кандидадите не употребуваа директно говор на омраза, сепак на социјалните мрежи беше регистриран говор на омраза во јавниот дискурс кој Хелсиншкиот комитет соодветно го документираше.

Дискриминаторски говор и говор на омраза по основ на етничка и политичка припадност беше евидентиран на социјалните медиуми, фејсбук и твитер од страна на пошироката јавност. Во периодот од 1ви април 2019 година заклучно со денот на вториот круг од претседателските избори, на интернет порталот wwww.govornaomraza.mk беа регистрирани вкупно 69 случаи на говор на омраза.




Застапеност на говор на омраза според категории

6 Двата кандидати за претседател имаа платено политичко рекламирање и на македонски и на албански јазик.

Најголем број на верификувани случаи се однесуваа на говор на омраза поради етничка припадност (31% од вкупниот број на пријави), говор на омраза поради политичка припадност и поради пол и род (со по 21% од вкупниот број на пријави) и 14 пријави на говор на омразапоради сексуална ориентација и родов идентитет (16%). Како што може да се забележи од хистграмскиот преглед на пристигнати пријави за говор на омраза, најголем дел се регистрирани за време на политичката кампања. По завршувањето на претседателските избори се забележува драстично намален број на пријави за говор на омраза.




Застапеност на говор на омраза според временски период

Хелсиншкиот Комитет за човекови права, на почетокот на изборната кампања дојде до сознание дека неколку радиодифузери и медиуми поради несоодветна примена на одредби од Изборниот законик нема да бидат во можност да се вклучат во медиумското претставување на кандидатите за претседател на Република Северна Македонија. Врз основа на приложените документи и одредбите од Изборниот законик, Комитетот подготви правно мислење за овој случај. Станува збор за одредбите со кои законот ги регулира правата и обврските на медиумите кои се заинтересирани да се вклучат во медиумското претставување на кандидатите што учествуваат на избори и како соодветно да го спроведат медиумското претставување на балансиран и фер начин.[7]

7 Член 31 ст. 2, членовите од 75 до 76-д, член 181 и 181-а од Изборниот Законик на РСМ

Одреден период во текот на изборната кампања, можноста на одредени радиодифузери да се вклучат во медиумското претставување на кандидатите за избор на претседател на РСМ, им беше ускратена поради несоодветно и нејасно постапување на Државната изборна комисија. Поради тоа, Хелсиншкиот комитет преку јавно објавување на соопштение и правно мислење побара ДИК во најбрз можен рок на јасен, прецизен и недвосмислен начин да даде појаснувања и препораки за примената на одредбите поврзани со медиумското претставување на кандидатите за време на кампања (од член 75 до член 76-д), да даде поконкретни упатства што значи обврската и рокот утврден со член 75-ѓ (ст. 3, 4 и 5), дали е тој рок преклузивен и кои се конкретните правни последици од пропуштање на тој рок. Доколку ДИК даде мислење дека тој рок е преклузивен и неговото пропуштање ги ограничува радиодифузерите, кои навреме не ги поднеле ценовниците до надлежните институции, да учествуваат во медиумското претставување на кандидатите на овие претседателски избори, Хелсиншкиот Комитет
зотенцираше дека ДИК треба за тоа да донесе конкретен правен акт – одлука за секој радиодифузер, односно медиум поединечно, за тие да имаат можност да бараат соодветна правна, односно судска заштита.[8]

До крајот на кампањата, Хелсиншкиот Комитет беше информиран дека и радиодифузерите на кои претходно им беше ускратено правото да учествуваат во медиумското претставување на претседателските кандидати, добија можност да бидат дел од медиумската изборна кампања.

**ЗАКЛУЧОЦИ:**

Хелсиншкиот комитет утврди дека најголемо прекршување на избирачкото право претставува неажурирањето на избирачкиот список меѓу двата изборни круга што им оневозможува на граѓаните да го остварат своето право на глас.
Комитетот нотира дека освен ова, немаше други позначителни прекршувања на Изборниот законик, и смета дека претседателските избори 2019 година во целина поминаа во мирна и фер изборна атмосфера.

8 Види линк: http://www.mhc.org.mk/announcements/925?locale=mk#.XN8PyY4zZPY.

ХЕЛСИНШКИ

КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА